ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА
2024



www.slowfood.mk

СОДРЖИНА

КОИ СМЕ НИЕ 4
Визија и мисија 4
Организациска структура и органи 8
АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МРЕЖАТА 11
Годишни собранија на конвивиумите во Македонија 11
Стратегија на Слоу Фуд Македонија 2024 – 2027 11
Национален конгрес 2024 12
Октагон проценка на капацитетот на организацијата 15
Проект: Зајакнати капацитети на СФМК за агро-еколошка трансформација 16
Документ за ставови 16
СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА ВО АКЦИЈА 17
SLOW WINE 2024 18
SLOW FOOD САЛОН 2024 20
ТЕРА МАДРЕ 2024 23
ПРОМОТИВНА КАМПАЊА 27
УЧИЛИШНИ ГРАДИНИ 28
Нови училишни градини 28
Подготовка на училишните градини 29
Активности во училишните градини 30
Пролетна офанзива 2024: ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА! 31
АЛИЈАНСА НА ГОТВАЧИ 34
СЛОУ ФУД КОНВИВИУМИТЕ ВО АКЦИЈА 35
Слоу Фуд Водно: Пролетен слоу фуд пазар 36
Слоу Фуд Водно: Фестивал на биодиверзитет 37
Слоу Фуд Охрид: Вкусете го Охрид локално 39
Слоу Фуд Битола: Бирарија 41
Слоу Фуд Битола: Учество на базар Вкусот на Пелистер 43
Слоу Фуд Осогово: Учество на саем на традиционални производи 44
Слоу Фуд Осогово: Учество на меѓународен фестивал 45
Слоу Фуд Валандово: Фестивал на дивите смокви 46
Слоу Фуд Прилеп: МЛЕКО 2024 47
Слоу Фуд Прилеп: Новогодишен базар 49
Прослава на Terra Madre day 50
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ 51
Полжавче 51

Што јадеме? Избори кои значат!.....51
Slow Wine водич.....52
Билтени за храна.....53
КОМУНИКАЦИИ 54
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШАЈ 55

Издавач:
Slow Food Macedonia © 2024

Подготвиле:
Ана Караманди
Елена Каровска Гошевска
Вања Тодоровска
Николче Николовски

Фотографија:
Архива на Slow Food Macedonia

КОИ СМЕ НИЕ

Слоу Фуд во Македонија за првпат се појавува во 2008 година со основањето на првиот конвивиум за да десет години подоцна во 2018 година се основа и Национална организација Слоу Фуд Македонија. Националната организација Слоу Фуд Македонија е чадор организација која ги обединува сите Слоу Фуд конвивиуми и е основана со цел Слоу Фуд движењето во Македонија да го подигне на едно повисоко ниво што ќе придонесе погласно да се слушне гласот на малите производители на храна. Во фокусот на делувањето се два концепти: заедништвото и зачувувањето на биодиверзитетот.

Со ретроспектива во последните десет години не само што е видлива огромната сила на заедниците туку и нивната поврзаност со биодиверзитетот и неговата заштита. Слоу Фуд ги поддржува проектите како Арка на вкусови и Президиуми, а паралелно ги мапира, едуцира и заштитува малите производители и нивните традиционални производства и техники кои се иднината во светот на храната во овие периоди на кризна состојба.

Визија и мисија

Визија: Одржлива храна базирана на зачувувањето на биодиверзитетот и традицијата.
Мисија: Преку едукација, кампањи и промоција градиме гастрономска култура инспирирана од традицијата, разновидните земјоделски производи од локалните производители и знаењето на новите генерации за одржлив развој.

Опфати и цели

Националната организација Слоу Фуд Македонија, делува во согласност со принципите утврдени во Манифестот на Слоу Фуд, со Статутот на Интернационалната Слоу Фуд организација (Slow Food International) за да му го овозможи на секого правото на задоволство од храна, без оглед на пол, раса, јазик, религија, политичко мислење, лична и општествена положба.

Ова неприкосновено право е поврзано со обврската за политичка, економска и социјална солидарност кои овозможуваат заштита и зачувување на заедничките материјални и нематеријални добра со што би се овозможило нивно правично споделување.

Слоу Фуд Македонија се бори за суверенитет во сите негови форми и ја унапредува заштитата на биолошката и културна разновидност на храната со почитување на трудот, животната средина и поврзаноста на луѓето со тоа, и тоа го прави преку следните опфати и цели:

- Промоција на правото на добра, чиста и правична храна за сите, што подразбира - вкус, квалитет, еколошката одржливост на процесот на производство, дистрибуција и потрошувачка, почитување на социјалната правда и достоинство на сите луѓе кои се вклучени во синџирот на исхрана;
- Обрана на правото на суверенитет на храната;
- Промовирање на заштитата на природната и културна биолошката разновидност;

- Идентификување на прехранбените производи и методи на производство поврзани со територијата, промовирање на нејзината улога како заедничко средство;
- Работа на заштита на законитоста во производството, дистрибуцијата и потрошувачката на храна;
- Придонес за создавање на култура на здравјето, како јавно добро, да се брани и заштитува, со пристап до храна и балансиран начин на живот, ориентиран и кон квалитет, разновидност, умереност;
- Едукација за храна и тренинг на сетилата за да бидат оспособени, со цел да се прави одговорен избор на храна, особено на помладата генерација;
- Намалување на отпадот и фрлената храна;
- Промоција на практиките кои ја почитуваат благосостојбата на животните;
- Активности за заштита на животната средина, пејсажите, почвата и земјиштето; борба против климатските промени, истакнување на врската помеѓу производството и потрошувачката на храна и ресурсите од животната средина.
- Промовирање на практики за повисок квалитет на живот, изработени од почитувањето на сезоните, животната средина и здравјето на потрошувачите, поттикнување на користењето на овие производи кои претставуваат максимален израз на квалитет;
- За поддршка на целосно почитување на културниот идентитет;
- Подобрување на моделите на локалната економија преку производство на храна;
- Документирање и репродуцирање на локалната меморија, а особено традиционалното знаење поврзано со светот на храната;
- Придонес во развивање на мрежите на Тера Мадре Македонија и Слоу Фуд Млади Македонија и нивно понатамошно вмрежување на меѓународно ниво;
- Придонесе за развој на меѓународната мрежа на Слоу Фуд;
- Спроведување на меѓународни проекти за соработка во насока на унапредување на правото на добра, чиста и правична храна;

Активности и задачи

Опфатите и целите на Слоу Фуд Македонија се реализираат преку практични активности и задачи:

- Координација и работа на истражувачки проекти, каталогизација и промоција за заштита на биолошката разновидност на храната, борбата против растечката стандардизација на потрошувачката, промоција, организирање и учество во проекти за развој на еколошки форми на земјоделството;
- Промовирање и поддршка на иницијативи со цел за зачувување и подобрување на историскиот и културниот идентитет на регионите, кои се поврзани со одредено специфично производство, особено преку воспоставување на Президиуми за заштита на биолошката разновидност;
- Промоција на употребата на локални производи преку иницијативите кои се залагаат за скратување на синџирот на дистрибуција, директна врска меѓу производителот и копроизводителот, организирање на активности за гастрономски и вински туризам;

- Развој на мрежа на односи, активности и иницијативи на локално и на меѓународно ниво меѓу заедниците на храна, која е формирана од страна на сите учесници во секторот за производство и преработка на храна;
- Промоција, организација и координација на кампањи, комуникација и настани за подигнување на свеста, како и активности за застапување;
- Промоција, организација и учество во едукативни активности, во училиштата и универзитетите, преку истражувачки проекти, координација и обука, во насока на целосна имплементација на правото на образование, здравствена едукација, сензорна едуакција и развој на правилна култура на храна.
- Унапредување и организација на едукативни размени;
- Организација на програми за едукација за храна помеѓу членовите, заедно со производителите и експертите со цел поширoки познавања на историските корени и производните процеси од областа на курсот,
- Стимулирање на иницијативи за подобрување на секојдневна исхрана
- Работа со волонтери кои даваат придонес во заедницата и кои придонесуваат за постигнување на целите на организацијата,
- Учествуво на национални и меѓународни настани и конференции, форуми, и саеми;
- Обезбедување на фондови за поддршка, тинк-тенкови, издаваштво и промотивни иницијативи; вклучување во сите активности кои не се во спротивност со определбите на организацијата.

Визијата и мисијата на организацијата се спроведуваат преку следните програми:

ЗАШТИТА НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Арка на вкусови

Арката на вкусови е најголемиот светски каталог на културен и традиционален биодиверзитет поврзан со храната и земјоделството кој го води Slow Food International. Идентификувани се илјадници растителни сорти, животински раси и традиционални прехранбени производи вклучувајќи леб, сирења, суво месо и слатки од целиот свет. Арката на вкусови како проект се бори овие производи да ги спаси од исчезнување, да го истакне ризикот од нивно исчезнување, и да ги едукацира институциите и потрошувачите за потребата од нивна заштита. Во Арката на вкусови се каталогизирани 36 производи од Македонија, и постојано се подготвуваат номинации за нови производи.

Президиуми

Президиумите претставуваат групи на производители кои се посветени на зачувување и пренесување на традиционалните техники на производство и занаети. Президиумите се составени од фармери, занаетчии со храна, сточари, рибари и лозари кои се грижат за својата средина на сите пет континенти, валоризирајќи ги пејзажите, местата, локалните економии и култури. Проектот Президиум спаси илјадници автохтони раси и сорти на овошје и зеленчук од исчезнување, ги промовираше руралните предели и екосистеми и ги подобри одржливите системи за одгледување, сточарството и риболовот. Од Македонија досега постојат 5 Президиуми, а номинацијата за нови президиуми е постојано отворена.

Пазари на фармери

Пазарите на фармери се организирани локални настани за дегустација и продажба каде производителите ја продаваат својата храна произведена локално и на одржлив начин. Оние кои доаѓаат да пазарат може да купат директно од производителот со што ја помагаат локалната економија, но и да се информираат повеќе за начинот на производство и производите кои ги конзумираат. Овие пазари промовираат систем на храна кој е добар, чист и праведен за сите.

Училишни градини

Училишните градини имаат за цел да ги поврзат младите со нивната храна со тоа што ќе ги научат како да растат, готват и уживаат во вистинска храна. Со зголемување на самодовербата кај децата, стекнување знаење и градење вештини, децата треба да се поттикнат да бидат учесници во изборот на храна. Со тоа што ќе станат информирани за храната, денешните деца ќе имаат позитивно влијание врз храната и земјоделство во иднина.

Алијанса на готвачи

Алијансата на готвачите служи како критична противсила во светот кој брзо ја губи својата разновидност на храна поради брановите на индустријализација и стандардизација. Тој претставува колективен став против исчезнувањето на локалните култури и традиции на храна, нагласувајќи ја важноста на одржливо и етичко производство на храна. Оваа иницијатива ги збогатува нашите искуства за јадење и придонесува и за нашето здравје и зачувувањето на нашата планета, обезбедувајќи идните генерации да уживаат и да учат од богатата таписерија на глобалната кујна.

ЕДУКАЦИЈА

Едукација за храна и пијалоци

Едукацијата за храна и пијалоци е важен аспект при козумирањето на храната и има за цел да не научи да го препознаваме богатството од вкусови кај храната и да ги изоштри нашите сетила за храна која е добра и одгледана на природен начин, нешто што со индустријализацијата во производството на храна и пијалоци е веќе заборавено.

Кампањи

Слоу Фуд води повеќе годишни кампањи за едукација и подигнување на свеста

- Климатски промени
- Не за ГМО
- Агроекологија
- Мали производители
- Биодиверзитет на млеко
- Благосостојба на животни
- Пчели
- Slow Fish Macedonia
- Slow Meat
- Slow Wine

Организациска структура и органи

Националната организација Слоу Фуд Македонија е дел од мрежата на Интернационалната Слоу Фуд организација која е непрофитна организација со 1.000.000 активисти во 160 земји кои работат на 10,000 проекти, а делуваат во согласност со филозофијата за добра, чиста и правична храна.



Статутот на Националната организација Слоу Фуд Македонија е усогласен со статутот на интернационалната организација, а статутите на локалните конвивиуми (здруженија) се усогласени со статутот на Слоу Фуд Македонија.

Според статутот, органи на Националната организација Слоу Фуд Македонија се Национален одбор и Национален совет.

Националниот одбор (НО) е управен и извршен орган на организацијата, кој се состои од 5 члена и ги спроведува одлуките на Националниот конгрес. Националниот конгрес составен од делегати на сите здруженија (конвивиуми) ги избира членовите на Националниот одбор. Претседателот на Националниот одбор е овластен застапник пред закон. Членови на НО се:

Николче Николовски, претседател на НО
Василка Стефановска, член
Д-р Соња Србиновска, член
Слободен Чокревски, член
Микеле Румиц, член

Националниот совет (НС) е орган на Слоу Фуд Македонија кој го сочинуваат сите претседатели на локалните конвивиуми (здруженија) на Слоу Фуд, Овој орган врши контрола на спроведувањето и почитувањето на Статутот на Слоу Фуд Македонија, правилниците и деловниците за работа и надзор на финансиското и материјалното

работење на органите и телата на Слоу Фуд Македонија и на локалните здруженија. Членови на НС се:

Страшко Милошевски, преседавач на НС, лидер на Слоу Фуд Осогово
Игор Поповски, член, лидер на Слоу Фуд Битола
Оливера Стефановска, лидер на Слоу Фуд Богданци
Наќо Кимов, член, лидер на Слоу Фуд Валандово
Антигона Костадинова, лидер на Слоу Фуд Гевгелија
Илинка Веселоновиќ, лидер на Слоу Фуд Дојран
Здравко Каров, лидер на Слоу Фуд Тиквеш
Тодорка Наумоска Димески, лидер на Слоу Фуд Прилеп
Ангела Паскуале, лидер на Слоу Фуд Охрид
Билјана Митревска, член, лидер на лидер на Слоу Фуд Млади Македонија

Организацијата поседува канцеларија со 3 вработени лица, со седиште во Битола, а помага во спроведување на целите на мрежата, извршува административни работи за одржување и развој на мрежата и им помага на конвивиумите во нивното работење и развој.

Националната организација Слоу Фуд Македонија развива партнерски односи со повеќе институции и организации и е дел од неколку регионални и меѓународни мрежи.



Слоу Фуд Македонија низ бројки

Национална организација Слоу Фуд Македонија работи на развојот на своите програми, јакнење на локалната мрежа на конвивиуми, воспоставување на нови конвивиуми и президиуми, а прикажано низ бројки тоа изгледа вака:

100.000 поддржувачи и следбеници
400 производители
230 членови и активисти
20 програми и иницијативи
9 конвивиуми
5 президиуми
1 младинска мрежа



АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МРЕЖАТА

Годишни собранија на конвивиумите во Македонија

Во месец јуни и јули 2024 година се одржаа годишните собранија на Слоу Фуд конвивиумите во Македонија, а во склоп на собранијата имаше и избор на делегати за учество на Националниот конгрес.

Стратегија на Слоу Фуд Македонија 2024 – 2027

Стратегијата на Слоу Фуд Македонија за периодот кој следува се фокусира на следните главни точки:

Стратешки приоритет 1. Организациско јакнење на капацитетите и мрежата на Слоу Фуд Македонија: Зајакнување на системот на континуирана мобилизација на членство и негово активирање преку волонтерски и активистички ангажмани во Слоу Фуд, функционална структура и дефиниран статус на мрежата со конвивиумите како градивни клетки на мрежата, унапредување на соработката и поддршката во мрежата, транспарентност и отчетност, зголемување на фондовите на мрежата, подобар пристап до донатори и соработка со нив.

Стратешки приоритет 2. Одбрана на биолошкиот и културниот диверзитет: Поддршка на малите производители во примената на агроеколошки мерки, промоција на пасивните краеви преку активно вклучување на младите и жените во рурален развој и агротуризам, спроведување на активности и настани на интернационално, национално и локално ниво во поддршка на промоцијата на локалните производи и актуелизирање на прашањата значајни за Слоу Фуд.



Стратешки приоритет 3. Едукација и застапување: Промена на навиките во исхраната и свесноста за важноста на храната кај консументите преку едукација, зголемена информираност и јакнење на свеста на поширокатa јавност преку организирани кампањи и објава на публикации и статии за работата на мрежата и актуелните теми за Слоу Фуд, обезбеденост со храна од страна на малите производители и утврдување на степенот на истата преку користење на резултати од стручни и научни истражувања.

Стратегијата беше официјално презентирана и усвоена на вториот национален конгрес.

Национален конгрес 2024

Втор национален конгрес на Слоу Фуд Македонија

Според статутот на СФМК на секои четири години се одржува национален конгрес при што се избираат членови на Националниот одбор. Националниот одбор брои пет члена од кои четири се избираат со гласање на делегатите од конвивиумите, а петтиот член е делегиран од Slow Food International. Вториот национален конгрес на СФМК се одржа на 14.07.2024 година во Офицерски дом во Битола. Конгресот се водеше по претходно усвоен дневен ред, односно по следните точки:

- Усвојување на правилникот на конгресот
- Избор на кандидати за тела на конгресот
- Состанок на изборна комисија
- Состанок на комисија за верификација и следење на текот на конгресот
- Извештај на комисија за верификација и следење на текот на конгресот
- Усвојување на стратешки план 2024-2027
- Усвојување на конгресната декларација „Храна за промени“
- Избор на членови на национален одбор на Слоу Фуд Македонија

За членови на националниот одбор беа избрани Василка Стефановска, Соња Србиновска, Слободен Чокревски, Николче Николовски и Микеле Румиц кој е член делегиран од Slow Food International. Националниот одбор на состанок одржан после конгресот, за претседател на националниот одбор го избра Николче Николовски.








ПРОМЕНАТА


II КОНГРЕС
БИТОЛА

Октагон проценка на капацитетот на организацијата

Во октомври 2024 година беше реализирана проценка на капацитетот на организацијата со алатката Octagon. Octagon проценката се прави со посебни методи со кои се оценуваат четири важни аспекти на организацијата и тоа: вредностите за кои се залага организацијата, активностите кои ги спроведува, односите кои ги има во и надвор од организацијата и капацитетите на самата организација. Во проценката учествуваа 20 членови од сите конвивиуми во Македонија, при што беше запазено да бидат опфатени и мажи и жени, но и различни профили на членови – производители, готвачи, фармери, земјоделци, лидери на конвивиуми, членови од националниот одбор, вработени во извршната канцеларија. Според проценката СФМК има слабости во финансирањето и во делот на човечки ресурси и треба да се потруди да ги подобри, но затоа мошне високо котира во делот на структурата на организацијата и нејзиниот идентитет, како и во делот со имплементација на активности и во соработката на управните структури со членството.







Проект: Зајакнати капацитети на СФМК за агро-еколошка трансформација

Проектот со наслов Strengthened Capacities of SFMK for Agroecological Transformation е реализиран со поддршка на шведската подружница на We Effect во Скопје и истиот е во насока на зајакнување на капацитетите на Слоу Фуд Македонија за еколошки трансформации во земјоделството. Проектот беше предвиден да се реализира во период од 15 мај до 31 декември 2024 година, но со поднесување на извештајот од проектот до донаторот, истиот се продолжи за уште девет месеци, односно до 31 септември 2025 година.

Документ со ставови

На крајот од 2024 година се изработи документ за позицијата на Слоу Фуд Македонија по однос на важни прашања за организацијата и нејзиното делување, а кој документ ќе биде доставен до сите чинители и институции со кои соработува организацијата.

Накратко овој документ го потенцира значењето и вклученоста на малите земјоделци во Северна Македонија, нагласувајќи ја нивната клучна улога во справувањето со глобалните предизвици како што се безбедноста на храната и одржливиот развој. Ја нагласува потребата од едукација и активизам кај младите за промовирање на свеста за одржливите практики на храна и важноста на локалните производи.



Документот ги прикажува предизвиците со кои се соочуваат малите фарми, вклучувајќи ги економските ограничувања, ограниченият пристап на пазарот и влијанието на климатските промени, додека се залага за политики и практики за поддршка кои ја подобруваат нивната одржливост.

Дополнително, документот ги нагласува напорите на Слоу Фуд Македонија за поттикнување на солидарноста во заедницата, промоцијата на локални земјоделски практики и интегрирањето на традиционалните вредности со современите иновации за зајакнување на руралните економии и системите за храна.

СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА ВО АКЦИЈА

Слоу Фуд Македонија постојано работи на воспоставените кампањи и проекти, но учествува и во организирањето на неколку настани на национално ниво.

SLOW WINE 2024

Национален саем за вино

Оваа година се реализира петтото по ред издание на Slow Wine - Винскиот салон на Слоу Фуд во Македонија. Slow Wine илиИнски салон е настан кој има за цел да ги презентира и промовира малите и семејните производители на вино, кои пред посетителите ги презентираат своите „ински“ приказни поткрепени со дегустација на различните видови на вина кои ги произведуваат.

Овој настан е од големо значење за градење на винската култура кај посетителите кои тука имаат можност да дознаат за значењето на поднебјата, за зачувувањето на локалниот биодиверзитет кај лозјата, за техниките на производство, за трудот и љубовта вложени во секоја капка од овие божествени пијалоци.



Slow Wine – Вински салон Битола 2024 се организира како еднодневен настан на 10 август 2024 година, во пациото на НУ Завод и Музеј – Битола, со времетраење од 18:00 до 00:00 часот. Програмата на настанот вклучи дегустација на вина со едукација од страна на 16 винарии, промоција наински водич Slow Wine Guide 2023, забавно-музичка програма со настап на ДЈ сет Иле Косата и Сити бенд. Неизоставен дел од настаните на Слоу Фуд секако се квалитетните закуски овојпат специјално избрани за спарување со вино.

Овогодинешното издание на винскиот салон се реализира со поддршка од општина Битола, во рамки на програмата Битфест 2024, а настанот го посетија околу 200 посетители.











Дел од атмосферата на Slow Wine

SLOW FOOD САЛОН 2024

Национален саем за храна и пијалоци

Третиот национален саем за храна и пијалоци насловен Slow Food Салон кој се одржа на 9 ноември 2024 година во хотел Лимак во Скопје се одржа под мотото: Ние сме заедница! Мотото ја изразува мисијата на Slow Food - да гради, спојува и обединува.



На отворањето се обратија министерот од министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Цветан Трипуновски, програмскиот координатор на We Effect господинот Васко Хаџиевки и претседателот на управниот одбор на Слоу Фуд Македонија господинот Николче Николовски.





Овој еднодневен настан беше хостиран во хотел Лимак во Скопје и беа претставени производи од 55 мали производители на храна и 20 производители на вина и дестилати. Посетителите кои дојдоа на настанот, а ги имаше од целата држава (повеќе од 400 лица) можеа да дегустираат како и да си купат производи. На настанот имаше традиционални

производи како сирења, кашкавали, месни производи, мед, конзервирани овошта и туршија, домашно зготвени традиционални јадења, како и не толку традиционални, но сепак органски, како што се сушени јапонски јаболка и свежи никулци од зеленчук.





Во склоп на настанот беа организирани салон за храна и салон за пијалоци, детско катче, мастер класови за вино и пиво како и конференции.













Мастер класовите ги водеа Слободен Чокревски, Ивана Симјановска, Милица Плетварска, Марјан Костадиновски.

На конференцијата „Едукација за одржлива иднина“ презентации одржаа долгогодишни активисти во Слоу Фуд - Василка Стефановска, Гоце Бумбароски и Јасна Ѓоргиевска. Василка Стефановска говореше за десетгодишното искуство во спроведување на проектот „Слоу Фуд Училишни градини“, потоа м-р Гоце Бумбароски говореше за „Училишните градини - Визија и акција за образовна трансформација”, а Јасна Ѓоргиевска презентираше за Слободен изборен предмет - ,,Едукација за одржлива иднина”.









Освен конференциите, се одржа и презентација за основање на Слоу Фуд конвивиум која ја водеше и модерираше Ана Караманди, а на прашањата од присутните одговараа Николче Николовски, Василка Стефановска и Јордан Николов.





ТЕРА МАДРЕ 2024

Интернационален Slow Food салон - Арка на вкусови

Најголемиот саем за храна, гастрономија и земјоделство - Тера Мадре е собир на активистите на Слоу Фуд и е вистински пример за тоа како автентичната и локалната храна може да обедини и создаде мостови на пријателство. Настанот е посветен на глобалната мрежа на Слоу Фуд, длабоките емоции и заедничката цел вградена во овогодинешното мото: Ние сме природа! Тера Мадре има цел да воспостави поинаква иднина за храна, што се обликува преку секојдневниот избор на поединци во политичките, јавните и приватните институции.

Петнаесеттиот по ред Тера Мадре се одржа во Торино, Италија, од 26 до 30 септември 2024 година, а македонската делегација организирана од Слоу Фуд Македонија зеде учество на настанот.

И оваа година Тера Мадре се одржа во паркот Дора, поранешна индустриска зона и претставува најголем и најважен меѓународен настан посветен на политиката за храна, одржливото земјоделство и животната средина и истиот е организиран од Слоу Фуд, регионот Пиемонт и градот Торино.



Македонска делегација на Terra Madre 2024

Отворањето на настанот беше точно напладне, во паркот Дора во Торино каде беа собрани делегати од 120 земји од мрежата на Слоу Фуд - Аргентина, Канада Австралија, Мексико, Македонија, Хрватска, Србија, Јапонија, Кина, Италија, Сомалија, Нигерија, Тајланд, Филипини, Куба и многу други.

Овој чин официјално започна со пораки за фармерите и испостената планета, за малите производители со големо срце, за земјоделците. Се прочита пораката на Папата Франсиск, се огласи новиот претседател на Слоу Фуд - Едвард Мукиби, а се проследи и емотивниот говор на основачот на Слоу Фуд Карло Петрини. "Сите земји од Африка, Латинска Америка, Европа..., околу 3000 претставници, сите вие што сте тука, сите го познавате биодиверзитетот, природата и нејзиното срце... Храната, дебатите, луѓето, културата.., светот на дланка ја промовира нашата космополитската мисла дека пулсираме како еден, поврзани со агендата на Слоу Фуд, за добра, чиста и правична храна - изјави Петрини.



Карло Петрини – основач на Slow Food движењето

Паркот Дора во кој се одржа Тера Мадре 2024 во Торино, се одликува со естетика инспирирана од одржливиот развој и различноста на локалните култури. Фотографиите на пример комбинираат природа и луѓе, вградувајќи во нив општествени пораки, со глобален акцент на екологија и локална традиција. Графитите пак служат како форма која што го поддржува одржливото земјоделско движење и културната размена, создавајќи визуелно привлечна средина.



Отворање на настанот и графит во паркот Дора



Една од успешните приказни меѓу другите беше за училишните градини во Нигерија - како градините може да им помогнат на децата да ја развиваат свеста за природата и за здравата исхрана. Се разменаа идеи и искуства со други учесници на презентацијата што е од големо значење за проектите кои ги спроведува Слоу Фуд Македонија.

На настанот имаше производители од сите делови на светот - Филипини, Тајланд, Јапонија, Кина, Мароко, Саудиска Арабија, Италија, Цејлон, Украина... Сите тие ги презентираа своите автохтони богатства од локални производи, јадења и пијалоци.









ПРОМОТИВНА КАМПАЊА

Слоу Фуд Македонија во месец декември 2024 год. ја започна кампањата „Зошто сум Slow Food“ со цел јавноста подобро да се запознае со Slow Food, нејзините членови во Македонија и како тие „го живеат“ Слоу Фуд. Кампањата ќе продолжи и во 2025 година.





УЧИЛИШНИ ГРАДИНИ

Едукаторите од училишни градини освен работата со училиштата, вклучени се во секој настан кој се организира од Слоу Фуд Македонија или од нејзините конвивиуми, бидејќи во секој настан е предвидено катче и активности за најмладите посетители.

Нови училишни градини

Тимот за едукација на Слоу Фуд Охрид направи промоција на проектот Slow Food Училишни градини во неколку училишта во регионот - ОУ „Св. Наум Охридски“ с. Пештани, ПОУ „Кочо Рацин“ с. Долно Лакочерej, ОУ "Ванчо Николески" с. Лескоец. Презентации за структурата и активностите на Слоу Фуд во Македонија и проектот Слоу Фуд Училишни градини направија Наташа Неданоска, Драгана Карашова и Сања Бачевски. Ова нивно залагање вроди со плод, со отварање на две нови училишни градини, во ОУ „Св. Климент Охридски“ Охрид и ОУ „Св. Наум Охридски“ во с. Пештани со наставничката Маја Цветкоска.

Нови училишни градини се воспоставени и во ООУ„Александар Урдаревски“ во с. Сандево, Општина Чучер Сандево со наставничката Јулијана Јакимовска, и во ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ од Скопје со наставничката Билјана Мицковска.



Подготовка на училишните градини

Во училиштата низ Македонија каде се спроведува проектот Слоу Фуд Училишни градини се направи пролетна подготовка на градините.



















Активности во училишните градини

За активностите во Училишните градини се задолжени наставниците ментори кои ги водат децата низ процесот на подготовка на градината, засадување, заштита и одржување на растенијата, берење на плодовите и компостирање.

Првите производи во месец април во градината во ОУ ,,Св.Кирил и Методиј" во с. Логоварди под менторство на наставничката Кристина Полизовска.





Изработка на компост во пресрет на пролетта во ОУ „Кирил Пејчиновиќ“ Скопје под менторство на Билјана Мицкоска и Сунчица Јовановска.





Засадување и сеидба на зеленчук во градината на Royal Kids House.









Децата од ОУ„Св.Кирил и Методиј“ од Битола во соработка со подрачното училиште во с. Логоварди кои учествуваа во Слоу Фуд Училишна градина под менторство на наставничките Кристина Полизовска и Елизабета Каровска, на 29 март ги продаваа своите раноградинарски култури.

Пролетна офанзива 2024: ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА!

Опрашувачите како пеперутките, пчелите и бумбарите играат клучна улога во одржувањето на биодиверзитетот и одржувањето на системот на храна, со опрашување на култури кои завршуваат како храна на трпезите. Без нив, голем број диви и култивирани растителни и животински видови повеќе нема да постојат.

Слоу Фуд Македонија веќе четврта година организира кампања за подигање на свеста за драматичното опаѓање на опрашувачите и биодиверзитетот заради употреба на токсични пестициди и монокултури за да ги охрабри луѓето да преземат активности за подобра иднина.

Кампањата насловена „Пролетна офанзива: ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА!“ и се реализира од 10 до 20 март 2024 година преку социјалните мрежи, а истата повикува на мобилизација со изработка на Цветна бомба и нејзино фрлање во недостапни области како што се запуштени локации, ниви или покрај патиштата. Цветната бомба е топче составено од комбинација на компост, глина и семиња, а компостот и глината имаат улога на носители на семињата.

Слоу Фуд Македонија ги повика своите конвивиуми, училиштата и секој кој има желба да се вклучат во оваа акција, а подготвените бомби заедно да ги фрлат ширум Македонија на 21 март - денот на пролетта.

Во изработка на цветните бомби се вклучија пчеларски здруженија, здруженија на граѓани, училишта и индивидуалци. повеќе од 30 училишта низ Македонија каде нашите активисти заедно со координаторите и наставниците ги реализираат програмите на Слоу Фуд.


2528
„бомбаши“ се вклучија
во офанзивата
4782
цветни бомби
беа подготвени
и фрлени
63
локации ширум
Македонија






ФРЛИ
ЦВЕТНА
БОМБА
21 МАРТ 2024
ширум Македонија
Slow Food
Macedonia




КАКО ДА НАПРАВИТЕ ЦВЕТНА БОМБА
01.ПОТРЕБНО ВИ Е
Семиња од ливадски цвеќиња или семиња од вашата градина
Компост без тресет
Вода
Глина во прав
Сад за мешање
02.НАПРАВЕТЕ БОМБИ
Во сад, измешајте 1 чаша семиња со 5 чаши компост и 2-3 чаши глина во прав
Бавно помешајте со вода со вашите раце додека целата смеса не се спои, потоа од неа формирајте топки
03.ФРЛЕТЕ ГИ ВАШИТЕ БОМБИ
Во вашата градина / на вашиот балкон / во дворот од викендицата / во парковите и игралиштата / каде сакате во природата...
И набљудувајте што ќе изникне!
ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА
Мобилизација за зачувување на биодиверзитетот
21.03 2024, во сите локални заедници ширум Македонија
Slow Food
Macedonia




КАКВА ХРАНА ЌЕ ИМАМЕ?
СО ПЧЕЛИ
БЕЗ ПЧЕЛИ
ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА
Мобилизација за зачувување на биодиверзитетот
21.03 2024, во сите локални заедници ширум Македонија
Slow Food
Macedonia


Slow Food





АЛИЈАНСА НА ГОТВАЧИ

Членовите од Алијаса на готвачи се вклучуваат во сите активности со дегустации кои ги организира Слоу Фуд Македонија, конвивиумите или како гости на други настани.

СЛОУ ФУД КОНВИВИУМИТЕ ВО АКЦИЈА

Секој Слоу Фуд конвивиум, независно од Слоу Фуд Македонија има свои активности и организира локални настани. Во прилог се активности и настани кои ја одбележаа 2024 година.

Слоу Фуд Водно: Пролетен слоу фуд пазар

Локална манифестација

Настанот Пролетен слоу фуд пазар во организација на Слоу Фуд Водно се одржа во првиот ден на месец јуни. Овој еднодневен настан се одржа во Мондано гарден, во дворот на гимназијата Јосип Броз во Скопје и започна од 11:00 часот, а траеше до 17:00 часот.

На настанот се претставија 24 локални производители од Скопје, членови на Слоу Фуд Водно, а имаше и што да се проба - сувомесни производи, сокови, мармалади, мед, пива, локални вина. Овој настан ги привлече сите што сакаат и препознаваат добра храна, а освен добра храна, на настанот имаше и работилница за деца.



Слоу Фуд Водно: Фестивал на биодиверзитет

Локална манифестација

Фестивалот на биодиверзитетот е настан во организација на СФ Водно кој вообичаено се одржува на отворено, но оваа година поради променливото време настанот се одржа во Јавна соба во Скопје. Настанот се одржа на 05 октомври 2024 година под мотото: Нагости се не бери гајле, ајде наздравје у Скопје.

На настанот зедоа учество 30 изложувачи од целата држава, а беа презентирани гастрономски деликатеси во тегли, пинџур, џем, слатко, намази, традиционални козји, кравји и секакви сирења, сувомеснати производи сушени на дрва, природна козметика, мед и пчелни производи. Главна закуска уште на самиот влез беше познатата скопска симит погача.

Освен дегустација на производите, кои можеа и да се купат, во програмата на фестивалот имаше работилница за производство на тестенини и работилница за занаетчиско пиво, а како и на повеќето Слоу Фуд настани не изостана и добрата музичка програма.

Настанот се реализира со поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и We Effect.






Slow Food


Slow Food




ФЕСТИВАЛ НА БИОДИВЕРЗИТЕТ
Slow Food



Слоу Фуд Охрид: Вкусете го Охрид локално

Локална манифестација

Настанот „Вкусете го Охрид - локално“ се реализира трета година по ред, а оваа година се одржа на 26 и 27 јули, на плоштадот кај Долна Порта. Во рамки на настанот дента на 26 јули се организира Слоу Фуд регата, а другиот ден на 27 јули производителите од Слоу Фуд ги понудија своите производи на штандовите поставени на плоштадот кај Долна порта од 19:00 до 23:00 часот.



Слоу Фуд замислува свет во кој сите луѓе ќе може да уживаат во храна која е добра за нив, добра за оние кои ја одгледуваат и добра за планетата. Пристапот на Слоу Фуд се заснова на концепт за храна што е дефиниран со три меѓусебно поврзани принципи: добра, чиста и правична. ДОБРА: квалитетна, вкусна и здрава храна, ЧИСТА: производство што не штети на животната средина, и ПРАВИЧНА: храна со достапни цени за потрошувачите и правични услови и плаќање за производителите. Слоу Фуд регатата, која беше организирана колона на едрилици со знамето на Слоу Фуд беше организирана за истакнување и запознавање на луѓето со принципите на Слоу Фуд, кои пак беа претставени преку три убави девојки именувани по мотивот на постоење на Слоу Фуд: Добра, Чиста и Правична.







Слоу Фуд преку своите уникатни приказни полни со искрена љубов кон традицијата и локалниот идентитет, промовираат бавна храна наспроти трендот на брза неквалитетна храна. Во тој дух дваесет и пет производители членови на Слоу Фуд се претставија со своите производи, кои што можеа и да се дегустираат и да се купат. На штандовите можеа да се најдат леб без квасец, сирење, макало со охридско геврече, масло од лешници, ликер од кафе и лаванда, мед, сок од боровинки, слатко од рибизли, непастеризирано сирење, вино, намази од фстак и орев, ѓомлезе, питулици, кашкавал и биено сирење, сувомеснато, тартуфи со маслинки и портокал, љубовни ракии, сок од кајсии, ликери од нане, вишна, зелени ореви и други локални и традиционални специјалитети. Имаше посетители кои од минатата година веќе знаеа што бараат, па одеа кај „своите“ производители, а новите посетители може да експериментираат со вкусовите кои се нудеа. Цел настан се одржа во убава атмосфера надополнета со пријатно осветлување и музика.

Настанот имаше над 2000 посетители, а беше организиран од конвивиумот Слоу Фуд Охрид со поддршка на Општина Охрид и Слоу Фуд Македонија.



Слоу Фуд Битола: Бирарија

Промоција на крафт пива

Фестивалот на занаетчиско пиво - Бирарија го промовира и го поддржува локалното занаетчиско производство на пиво - од домашните производители до микро пиварниците. На овој настан посетителите имаа можност се запознаат директно со производителите на пиво и да пробаат свежо, непастеризирано пиво.



„Бирарија“ е концепт кој ја применува филозофијата на Слоу Фуд во презентацијата и консумацијата на пиво. Концептот го нагласува уникатниот карактер на секое пиво, квалитетните состојки и над сè почитта кон знаењето и искуството на локалните пивовари, во суштина се спротивно на стандардизацијата на вкусовите на пиво. Истовремено ваквите настани се место за промоција и пренесување на трендот на глобалната револуција на занаетчиското пиво во Македонија и градење на пивската култура.

На настанот кој се одржа на 05.09.2024 година во дворот на Пионерски дом во Битола, учество зедоа пиварите Белеза Бруинг, Пивара Бакревски, Курајбир, Пивара Темов и Сакам пиво. Дополнително, на иницијатива на еден од пиварите, се покани и млада домашна пивара од Албанија - Ѓушит, како гости-учесници на настанот. На штандовите покрај пиварите се сместија и продавачи на храна која совршено се вклопува со пиво и тоа Food Republic, Mr.Boulevard Dog и Конец.

Во простории на објектот на Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ кој се наоѓа спроти Пионерскиот дом, се одржа Работилница за дегустација на пива каде се дегустираа 6 странски и домашни видови на пиво, водена од Марјан Костадиновски.
Во музичкиот дел настапија Агим Џело со ДЏ сет, групата Мемфис Мафија и групата Паркети кои придонесоа за уште поубава атмосфера. Настанот го посетија околу 400 посетители кои можеа да се сместат на високи и ниски маси и дегустацијата да ја претворат во убаво дружење.

Настанот се одржа во организација на Слоу Фуд Битола, а со поддршка од општина Битола и Министерството за земјоделсво шумарство и водостопанство.
















Дел од атмосферата на Биларија

Слоу Фуд Битола: Учество на базар Вкусот на Пелистер

Промоција на производители од подпелистериетo

Во декември Слоу Фуд Битола учествуваше на состанок организиран од „Национален парк Пелистер“ во хотел Милениум со цел да даде поддршка на локалниот туризам. Неколку производители членови на Слоу Фуд кои се лоцирани во Битола и подпелистерските општини учествуваа на еднодневен настан - базар „Вкусот на Пелистер“, организиран од „Национален парк Пелистер“, кој се одржа на 22 декември 2024 година од 11 до 15ч. на местото викано „На Лазо вилата“.

Настанот ги собра Битолчани и луѓе од околните општини кои тој ден уживаа во снегот, зимските спортови, а на обострано задоволство и во вкусна храна и пијалаци од локалните производители. Со свои производи се претставија БН Пчеларник, Пчеларник Талевски, Фарма Дихово и Мандра Пелистерски Овчи Производи, Винарија Алесто, Вила Дихово, Паста Делиција и Президиум Буково. Можеше да се проба мед, сокови, слатко од цреши, кашкавали и сирења, а имаше можност да се пробаат вина од Винарија Алесто и Вила Дихово.








Слоу Фуд Осогово: Учество на саем на традиционални производи

На 23 август 2024 год. во Берово започна 14-тото издание на фестивалот Етно плоштад и Саемот на традиционални производи ,,Малешевијата на дланка”. На овој саем зеде учество и Слоу Фуд Осогово со производители кои се претставија со својата традиционално подготвена храна и пијалоци. Фестивалот беше отворен со раскошно и богато дефиле на културно - уметнички друштва, низ центарот на Берово, а во рамки на трите фестивалски вечери настапуваа играорци и уметници.









Слоу Фуд Осогово: Учество на меѓународен фестивал

Меѓународниот фестивал „Балканска черга“ кој се одржа од 13 до 15 септември 2024 година, собра луѓе од Бугарија, Србија и Република Северна Македонија во селото Шишковци, во општина Ќустендил, Бугарија. На ова 12-то издание на фестивалот зеде учество и Слоу Фуд Осогово претставувајќи ја македонската традиција и култура преку македонски традиционални специјалитети, јадења и пијалоци.









Слоу Фуд Валандово: Фестивал на дивите смокви

На 28 мај 2024 година во Валандово традиционално се одржа Фестивалот на слатко од дива смоква. Манифестацијата беше збогатена со присуство на гости - производители од цела Македонија, прекрасна културно - уметничка програма и посетители кои годинава ги имаше во голем број. Фестивал кој нуди убаво дружење и зачувување на традиционалните вредности.











Слоу Фуд Прилеп: МЛЕКО 2024

Национална манифестација

Овогодинешното издание на оваа манифестација која традиционално се одржува од 2014 година, се одржа под мотото: Предизвици во сточарството.

Настанот се одржа на 14.09.2024 год. во прилепската чаршија, кај Саат кулата, од 10 до 18 часот, во организација на Слоу фуд Прилеп и Слоу фуд Македонија, а со поддршка на We Effect, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Овој целодневен настан опфати изложба на сирења и млечни производи, но и на други производи кои одат во пар со сирењата. На штандовите во рамки на настанот се промовираа малите македонски млекопроизводители со своите уникатни млечни производи, така што имаше можност да се пробаат различни видови на кашкавали и да се ужива во нивниот биодиверзитет. На настанот како и секогаш, имаше производители на продукти кои одлично се вклопуваат со млечните производи како вина, мед, слатка, тестетнини, крафт пива, сувомеснати производи, ракии и ликери, намази, зимници и сл.

Освен презентации и дегустации во рамки на настанот беше организирана Конференција насловена „Климатски промени – ризик и предизвик за благосостојбата и здравјето на животните“, каде предавач беше проф. Методија Трајчев а зборување за топлотниот стрес кај овците и вектор преносливите болести. Посебен акцент која е актуелна тема во соседството (Грција и Романија) се даде на запознавањето на одгледувачите на овци и кози со болеста чума кај малите преживари.














Слоу Фуд Прилеп: Новогодишен базар

На 28, 29 и 30 декември од 11:00 до 15:00ч. се одржа Новогодишен базар во Прилеп во организација на Слоу Фуд Прилеп и општина Прилеп. На настанот учествуваа околу 30 производители кои се претставија со храна, пијалоци, украси и најразлични рачни изработки.







Прослава на Terra Madre day

Terra Madre day или Денот на Мајката Земја се слави секоја година на 10ти декември во целата мрежа на Слоу Фуд и секој конвивиум организира прослава за своите членови, каде се носат домашно подготвени јадења и пијалоци. Ова претставува начин за ширење и зацврстување на пријателствата, размена на искуства и можност за вкусување на добра домашна храна и пијалоци.















ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Полжавче

Списание на Слоу Фуд Училишни градини

Списанието Полжавче кое првпат е објавено во 2020 година во рамките на програмата Слоу Фуд Училишни градини има за цел подигнување на свеста кај чинителите на образовниот процес од важноста на воведување на градинарството во рамки на образованието и формирање на училишни градини. Досега во оваа програма се вклучени дваесет училишта од Македонија.
Во тек е подготовката на шестото издание на списанието полжавче.



Што јадеме? Избори кои значат!

Издание на Слоу Фуд Македонија поддржано од Министерство за животна средина и просторно планирање.



Slow Wine водич

Оваа година беше издадено второто издание од вински водич насловен „Slow Wine 2024“ кој ги опфати малите винарии и нивните дестинации и истото е предвидено да послужи како мапа и патоказ на винскиот туризам во Македонија.

Овој водич опфаќа 27 винарии и даден е опис на винариите, нивните лозја, асортиманот на вина кој го произведуваат како и нивната локација во случај да решите да ги истражувате малите винарии низ Македонија. Ова издание е корисно и за винариите и за трагачите по добри вина.

Изработката на „Slow Wine 2024“ беше поддржана од Negroni, а изданието е испечатено во тираж од 500 примероци. Уредници на водичот се Слободен Чокревски и Николче Николовски, а автор Ивана Симјановска и ко-автор Вања Тодоровска.







Билтени за храна

Слоу Фуд Македонија во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство изработи 10 билтени со следните наслови: Алергии и алергија предизвикана од интолеранции, Предности и несакани дејства при конзумирање на додатоци во исхраната, храна третирана со јонизирачко зрачење, Најчести видови на зоонози во државата, Благосостојба на животни, Вегетаријанство, Месо и означување на месото, Мед, Чоколадо и Закон за квалитет на земјоделски производи од аспект на безбедност на храна и ветеринарно здравство.





















КОМУНИКАЦИИ

Повеќе информации за Слоу Фуд во Македонија може да се најдат на веб страната на организацијата:
www.slowfood.mk

Повеќе информации за функционирањето на Slow Food International може да се најдат на www.slowfood.com

Националната организација и сите Слоу Фуд конвивиуми и проекти имаат профили на социјалните мрежи каде што може да се следат нивните активности.

Slow Food Macedonia
https://www.facebook.com/slowfood.mk/?locale=mk_MK

Slow Food Bitola
https://www.facebook.com/slowfood.bitola

Slow Food Vodno
https://www.facebook.com/slowfood.vodno

Slow Food Prilep
https://www.facebook.com/SlowFoodPrilep

Slow Food Ohrid
https://www.faceook.com/slowfoodohrid

Slow Food Osogovo
https://www.facebook.com/slowfood.osogovo

Слоу Фуд Богданци / Eko-Rosales Bogdanci
https://www.facebook.com/profile.php?id=61551982952274

SlowFood Tikves
https://www.facebook.com/slowfoodtikvesh/

Slow Food Youth Macedonia
https://www.facebook.com/slowfoodyouth

Slow Food Училишни Градини
https://www.facebook.com/slowfoodgradini.mk/?locale=mk_MK

Slow Food Алијанса на готвачи
https://www.facebook.com/slowfood.chefsalliance.mk/?locale=mk_MK

Млеко / Milk
https://www.facebook.com/mleko.mk

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШАЈ

ЕМБС: 07280882
Целосно име: Национална организација СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА Битола
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2024

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	3.534.985,00			1.391.540,00
202	- - Потрошени материјали	165.852,00			208.524,00
203	- - Потрошена енергија	22.098,00			3.489,00
204	- - Други услуги	2.707.341,00			45.841,00
205	- - Превозни и транспортни услуги	62.000,00			209.596,00
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	176.217,00			305.757,00
209	- - Наемнини	65.000,00			618.333,00
210	- - Други материјални расходи	336.477,00			
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	760.065,00			1.271.574,00
212	- - Провизија за платен промет	20.586,00			22.096,00
215	- - Дневници за службено патување				27.600,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	328.378,00			120.771,00
217	- - Негативни курсни разлики	9.902,00			3.811,00
218	- - Членарини				0,00
219	- - Други расходи	19.899,00			943.291,00
220	- - Издатоци за меѓународна соработка	30.747,00			30.745,00
221	- - Пренесени средства	350.553,00			123.260,00
230	- - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232)	336.598,00			1.188.918,00
231	- - а) Вкалкулирани плати	321.598,00			1.188.918,00
232	- - б) Вкалкулирани надомести	15.000,00			
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	52.666,00			90.137,00
234	- - Вонредни расходи	173.656,00			
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	4.857.970,00			3.942.169,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	1.006.642,00			459.428,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	1.006.642,00			459.428,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	5.864.612,00			4.401.597,00
240	- - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242)	220.000,00			
242	- - Приходи од услуги	220.000,00			
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	4.848.182,00			2.794.985,00
245	- - Приходи од кирии и закупнини	315.368,00			307.400,00
246	- - Сопствени приходи				248.513,00
247	- - Други приходи	194.000,00			44.057,00
	- - Пренесен дел од вишокот на				

248	приходите од претходната година	287.062,00		1.006.642,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	5.864.612,00		4.401.597,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	5.864.612,00		4.401.597,00
438	- - Број на работници	1,00		3,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	32.387,00	74.527,00	57.046,00	17.481,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	32.387,00	74.527,00	57.046,00	17.481,00
6	- - Опрема	32.387,00	74.527,00	57.046,00	17.481,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	1.356.642,00	809.428,00		809.428,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	1.006.642,00	459.428,00		459.428,00
12	- - Жиро сметка	1.006.642,00	459.428,00		459.428,00
21	- - КРАТКОРОЧНИ ФИНАСИСКИ ПОБАРУВАЊА	165.000,00	165.000,00		165.000,00
24	- - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027)	185.000,00	185.000,00		185.000,00
27	- - Други активни временски ограничувања	185.000,00	185.000,00		185.000,00
28	- - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034)		12.300,00	12.300,00	
31	- - Ситен инвентар		12.300,00	12.300,00	
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	1.389.029,00	896.255,00	69.346,00	826.909,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	32.387,00			17.481,00
45	- - Деловен фонд	32.387,00			17.481,00
51	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061)	185.000,00			185.000,00
56	- - Други краткорочни обврски	185.000,00			185.000,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	1.171.642,00			624.428,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	1.006.642,00			459.428,00
65	- - Други пасивни временски разграничувања	165.000,00			165.000,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	1.389.029,00			826.909,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
651	- - Набавна вредност на компјутерска опрема)				51.527,00
653	- - Исправка на вредност на компјутерска опрема				38.646,00
654	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема(<				12.881,00

	или = АОП 006 од БС)				
676	- - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР)	19.899,00			260.771,00
680	- - Плати(< или = на АОП 231 од БПР)	218.430,00			791.134,00
681	- - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР)	90.334,00			332.898,00
682	- - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР)	13.834,00			64.886,00
683	- - Надомести на плати(< или = на АОП 232 од БПР)	15.000,00			
688	- - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР)				51.600,00
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)	4.848.182,00			2.743.385,00
695	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	1,00			3,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	1.006.642,00			459.428,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	1.006.642,00			459.428,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	1.006.642,00			459.428,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
4631	- 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.				4.401.597,00

Потпишано од:

SLOBODANKA VELJANOVSKA

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Сите права се задржани © 2013 Централен Регистар на Република Северна Македонија